# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.12 од 22.02.2005 година**

**Член 1**

Во Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 55/2004), во членот 10 под б) точката 73 по зборот "Општина" зборовите: "Чешиново со седиште во село Чешиново" се заменуваат со зборовите: "Чешиново - Облешево со седиште во село Облешево".

**Член 2**

Во членот 12 став 1 точка 70 по зборот "Брештани" се додава зборот "Броштица". Во точката 72 по зборот "Општина" зборот "Чешиново" се заменува со зборовите: "Чешиново - Облешево".

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".